**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА**
**Број УП1 11-239**
**21.11.2021 година**
**С К О П Ј Е**

Врз основа на член 148 став 3 од Изборниот Законик ("Службен весник на Република Македонија" бр.40/2006, 136/2008, 148/2008, 155/2008, 163/2008, 44/2011, 51/2011, 142/2012, 31/2013, 34/2013, 14/2014, 30/2014, 196/2015, 35/2016, 97/2016, 99/2016, 136/2016, 142/2016, 67/2017, 125/2017, 38/2018, 99/2018, 140/2018, 208/2018, 27/2019 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр.98/2019, 42/2020, 74/2021 и 215/21) и Упатството за начинот и постапката за решавање на приговори во надлежност на Државната изборна комисија, со број 11-2486/1 од 10.10.2021 година, член 66 став 1 од Деловникот на Државната изборна комисија бр.01-1322/1 донесен на 06.07.2017 година и Одлуката за измена на Деловникот на Државната изборна комисија бр.08-588/1 од 01.03.2019 година, Државната изборна комисија на Република Северна Македонија во состав: Александар Даштевски, претседател, Дитмире Шеху потпретседател и членовите: Борис Кондарко, Радица Ристеска, Оливер Ристовски, Кренар Лога и Бобан Стојаноски, постапувајќи по поднесениот приговор број **УП1 11-239** од 16.11.2021 година, на седницата одржана на **18.11.2021** година донесе:

# Р Е Ш Е Н И Е

Приговорот со број **УП1 11-239** од 16.11.2021 година поднесен од подносителот на листа на кандидат Коалиција АЛИЈАНСА ЗА АЛБАНЦИТЕ И АЛТЕРНАТИВА преку овластениот претставник Самир Ракипи, за постапката за гласање на Избирачко место **0547/1** во Општина Дебар, **СЕ ОДБИВА**.

Резултатите од спроведеното гласање на наведеното Избирачко место, по кандидатски листи за градоначалник на општината, **СЕ ПОТВРДУВААТ**.

***О б р а з л о ж е н и е***

На ден 16.11.2021 година во 14:35 часот, подносителот на листа на кандидат Коалиција АЛИЈАНСА ЗА АЛБАНЦИТЕ И АЛТЕРНАТИВА, преку овластениот претставник Самир Ракипи, поднесе приговор заведен под број **УП1 11-239**, за сторени неправилности во постапката за гласање од спроведеното гласање во втор изборен круг за изборот за градоначалник на општината на Избирачко место **0547/1 во Општина Дебар**.

Во поднесениот приговор подносителот наведува дека на **избирачкото место 0547/1 во Општина Дебар** избирачкиот одбор не го спровел гласањето на начин согласно одредбите од Изборниот законик, односно еден гласач го нарушил принципот на тајно гласање бидејќи не гласал позади параванот за гласање туку јавно пред сите присутни во просторијата за гласање. За наведената неправилност била поднесена забелешка во законскиот рок до општинската изборна комисија Дебар. Исто така, еден гласач сакал да гласа со туѓ идентитет меѓутоа бил спречен во обидот и не гласал. Поради наведеното предлага да се сослуша предложениот сведок и бара да се поништи гласањето на наведеното избирачко место.

Државната изборна комисија на својата седница, одржана на ден 18.11.2021 година, постапувајќи по овој приговор утврди дека согласно Упатството за начинот и постапката за решавање на приговори во надлежност на Државната изборна комисија со број 11-2486/1 од 10.10.2021 година, приговорот ги исполнува формалните услови за да може да се постапува по него.

На одржаната седница на ден 18.11.2021 година наводите од предметниот приговор беа образложени и од страна на овластениот претставник на подносителот на приговорот, кој нагласи дека останува на наводите од поднесениот приговор и дадениот предлог за поништување на гласањето на наведеното избирачко место.

Разгледувајќи ги наводите од поднесениот приговор, а имајќи го предвид и образложението за наводите од истиот од страна на овластениот претставник на подносителот, Државната изборна комисија утврди дека поднесениот приговор е неоснован и во прилог на истиот не се доставени докази од кои би се потврдила наведената фактичка состојба.

Наводите во приговорот дека е нарушена тајноста на гласањето со тоа што еден гласач гласал пред сите присутни во просторијата за гласање, Државната изборна комисија ги оцени како неосновани од причина што во конкретниот случај не станува збор за повреда на тајноста на гласањето со тоа што еден гласач гласал јавно. Ова лице не ја нарушил тајноста на гласање на другите избирачи ниту пак од самиот избирачки одбор била сторена таква повреда за да може да се смета дека се исполнети условите според кои се смета дека е нарушена тајноста на гласањето, предвидени во член 151 став 1 алинеја 2 од Изборниот законик. Ваквите дејствија не се од влијание за текот на постапката на гласање во гласачкото место и не претставуваат пропуст на избирачкиот одбор на наведеното избирачко место ниту пак го загрозиле правото на тајност при гласање на останатите гласачи.

Од увидот во оригиналниот Записник бр.16б за наведеното избирачко место видно е дека истиот е потпишан од претседателот и сите членови на Избирачкиот одбор, како и е наведено присуството на овластениот претставник на подносителот на листа Коалиција АЛИЈАНСА ЗА АЛБАНЦИТЕ И АЛТЕРНАТИВА, а во потпишаниот записник не е наведена ниту една забелешка.

Овластениот претставник на подносителот на листа во наведеното избирачко место имал право да истакне забелешки на евентуални конкретни неправилности во текот на гласањето и утврдување на резултатите, кои треба да бидат конкретно опишани, меѓутоа истото не е сторено односно се поднесени во општинската изборна комисија Дебар во рок од 5 часа по потпишување на записникот, без притоа подносителот на приговорот да образложи зошто не биле поднесени такви забелешки при составувањето на записникот и дали му било оневозможено да го искористи ова право на овластениот претставник од самиот избирачки одбор, како услов кој мора да биде исполнет за да може да се достават забелешките во општинската изборна комисија во рок од 5 часа по потпишување на записникот, во смисла на член 105 став 2 и 3 од Изборниот законик.

Наводот дека едно лице се обидело да гласа со туѓ идентитет, Државната изборна комисија го оцени како несонован од причина што доколку имало таков настан според подносителот на приговорот истиот бил спречен што значи дека не е сторена повреда на постапката на гласање и истиот не е од релевантно значење при одлучувањето.

Согласно член 22 став (1) од Изборниот законик (Службен весник на Република Македонија бр.40/2006, 136/2008, 148/2008, 155/2008, 163/2008, 44/2011, 51/2011, 142/2012, 31/2013, 34/2013, 14/2014, 30/2014, 196/2015, 35/2016, 97/2016, 99/2016, 136/2016, 142/2016, 67/2017, 125/2017, 38/2018, 99/2018, 140/2018, 208/2018, 27/2019 и Службен весник на Република Северна Македонија бр.98/2019, 42/2020, 74/2021 и 215/21), секој подносител на листа на кандидатите за избор на претседател на Републиката, пратеници, членови на совет и градоначалник има право да определи претставник и негов заменик кои ќе ја следат работата во изборните органи од започнувањето на изборите се до утврдувањето и објавувањето на резултатите, додека согласно став (5) од истиот член, претставникот на подносителот на листата, може да предупреди за неправилности во нивната работа, а доколку не биде прифатено предупредувањето, може да побара тоа да биде внесено во записникот.

Согласно 105 став (1) од Изборниот закон, претставниците на подносителите на листи, доколку имаат забелешки на работата на избирачкиот одбор за време на гласањето, можат да укажат на неправилностите, со цел тие да бидат отстранети. Согласно став (2) од истиот член, претседателот на избирачкиот одбор е должен на присутните претставници на подносителите на листи, ако имаат забелешки, да им се овозможи да бидат евидентирани во записникот и тие да бидат основа во постапката за заштита на избирачкото право. Согласно став (3) од истиот член, ако забелешките на претставниците на подносителите на листи не се евидентирани во записникот, тие имаат право да ги достават до општинската изборна комисија во рок од 5 часа по потпишување на записникот, додека став (4) од истиот член, акредитираните набљудувачи, доколку имаат забелешки на работата на избирачкиот одбор имаат право да ги евидентираат во дневникот на избирачкото место.

Сумирањето и утврдувањето на резултатите од гласањето на гласачките места се врши согласно член 114 од Изборниот законик, во законски регулирана постапка, во присуство на членовите на ИО и во присуство на овластени претставници на подносители на листи за кандидати и акредитирани набљудувачи.

Согласно 116 став (3) од Изборниот закон, во записникот се внесуваат и забелешки дадени од членовите на избирачкиот одбор или овластените претставници на подносителите на листи во однос на евентуални конкретни неправилности во текот на гласањето и утврдување на резултатите, кои треба да бидат конкретно опишани.

Согласно член 117 став (5) од Изборниот закон, претседателот на избирачкиот одбор е должен на присутните претставници на подносителите на листите ако имаат забелешки, да им се овозможи да бидат евидентирани во записникот и тие да бидат основа во постапката за заштита на избирачкото право.

Согласно член 117 став (6) од Изборниот закон, ако забелешките на претставниците на подносителите на листите од ставот (5) на овој член не се евидентирани во записникот, тие имаат право да ги достават до општинската изборна комисија односно Изборната комисија на градот Скопје во рок од 5 часа од составувањето на записникот и забелешките согласно одредбите од член 116 став 3 можат да бидат основа за приговор.

Согласно член 27 став (1) од Упатството за начинот и постапката за решавање на приговори во надлежност на Државната изборна комисија со број 11-2486/1 од 10.10.2021 година, кога од конкретните наводи во забелешките во записникот за гласање, сумирање и утврдување на резултатите постои причина за сомнение дека настанала повредата наведена во приговорот, членовите на Државната изборна комисија ги проверуваат доказите согласно член 31 став 2 точка 35 од ИЗ, додека согласно став (2) од истиот член, увид во целокупниот материјал се врши доколку наводите од приговорите произлегуваат од содржината на записниците или забелешките внесени во нив (чл.151 став 2 од ИЗ).

Имајќи го предвид напред наведеното и цитираните одредби, Државната изборна комисија утврди дека поднесениот приговор е неоснован, поради што врз основа на член 147-а став (1) од Изборниот законик, Државната изборна комисија одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**ПРАВНА ПОУКА**: Против ова решение имате право на тужба до Управен суд на Република Северна Македонија преку Државна изборна комисија во рок од 24 часа од приемот на решението.

**ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Проф.д-р Александар Даштевски**